# Р Е Ф Е Р А Т

На седницата на Наставно-научниот уметнички совет на Факултетот за сценски дизајн при Универзитетот за аудиовизуелни уметности, Европска Филмска Академија, ЕСРА Париз-Скопје-Њујорк во Скопје, на седницата одржана на ден 20.05.2014г. донесе одлука со која не избра за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник по група стручно уметнички предмети од областа на Историја и теоријата на театарот и Историја и теорија на литературата во сите наставно научни звања на Факултетот за сценски дизајн.
На конкурсот за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа на Филмско и ТВ Сценарио при Факултетот за сценски дизајн при Универзитетот за аудиовизуелни уметности, Европска Филмска Академија, ЕСРА Париз-Скопје-Њујорк објавен на 04.05. 2014 г. во весникот „*Утрински весник*“, се пријави и поднесе документација еден кандидат: М-р. Ана Опачиќ. Заблагодарувајќи се на довербата, формираната Рецензентска комисија, во состав Јордан Плевнеш, редовен професор, Доц. М-р Миле Петковски и Доц. Д-р Александар Трајковски врз основа на увидот во документите и објавените научно-истражувачки и уметнички трудови, има чест на Наставно-научниот уметнички совет на Факултетот за сценски дизајн при Универзитетот за аудиовизуелни уметности, Европска Филмска Академија, ЕСРА Париз-Скопје-Њујорк да му го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Ана Опачиќ е родена 28.1.1990. во Трогир. Средна јазична гимназија завршува во Сплит каде што паралелно посетува и часови по глума во Градскиот младински театар. Прва филмска наобразба добива во филмската школа – Кино клуб Сплит каде што слуша предавања од еминентни филмски доајени како што се Анте Верзоти, Ивица Бошњак, Јошко Јерончиќ, Јурица Павичиќ, Борис Пољак и други. После завршената филмска школа станува редовен член на Кино клубот Сплит, каде што го снима својот прв краткометражен филм *Kojih nije bilo* и за кој добива наградата *Najbolji film na Reviji filmskog i video stvaralaštva* во Карловац во 2008 година. Истата година се запишува на Уметничката академија во Сплит, на насоката Филм и Видео во класата на аудиовизуелниот уметник Слободан Јокиќ (Дан Оки).

Во 2009 година гостува во HochschulefürbildendekunstBraunschweig, во Германија, каде што и се прикажуваат филмови. Во 2010 добива награда за *Reflecting Invisible Cities* – од хрватско дизајнерско друштво за најдобар концепт во категоријата студентски изработки во Загреб. После тоа, таа е единствен претставник на Хрватска во Меѓународниот филмски камп Интеракција во Србија, каде што е продуцент на краткиот документарен филм *Nikoga nije briga*, кој е прикажуван на повеќе фестивали. Работела во видео продукција на првото издание на фестивалот Медитеранскиот филм во Сплит.
ФИЛМОГРАФИЈА (избор):

2008 – "Kojih nije bilo", краток филм
2008 – "Човек", краток филм
2009 – "Сонце" (видео перформанс)
2009 – "Круг", краток филм
2010 – "Nobody gives a damn" (продуцент, Србија), краток филм
2014 – "Žuti suncobran", краток филм

Филмовите и се прикажувани во Хрватска (Кинотека Златна врата, Сплит ; Арт кино Тушканац, Загреб ; Галерија Владимр Назор, Загреб; Форум, Задар) исто така и по фестивалите во Србија, Црна Гора, Романија, Македонија, Словачка, Франција, Косово.

Во 2010 се запишува на Факултетот за аудиовизуелни уметности ЕСРА Париз Скопје, на магистратура, одсек Филмска и Тв режија каде што го снима завршниот филм *Žuti Suncobran* со филмска екипа од Велика Британија, Русија, Франција и Латвија. Учествува во Сараевскиот талент кампус каде што слуша предавања од познатиот француски режисер Leos Carax. Потоа станува член на фестивалскиот совет See a Paris, Festival des cinemas du Sud – EstEuropeen. Истата година, 2013 е член на жирито на 18от Сплитски филмски фестивал, меѓународен фестивал на новиот филм. Почнува да работи во организација на неколку фестивали Giffoni film festival, Cinedays, и Филозофско-филмски фестивал. Работи хонорарно на филмски проекти (сектор режија) кои ги организира Охо невладина организација. Од 2015 редовно пишува за дневниот весник Нова Македонија, рубрика култура, специјализирана за филм. Во 2017 селекрирала филмови за Филозофско филмскот фестивал и за Дубровник филм фестивал. Од агенцијата за филм добива сретства за снимање на краткометражниот филм *Магнолија* кој е во фаза на постпродукција. Држи филмски работилници за авторски филмови на средношколци.

## Заклучок

Врз основа на приложената документација како и преку личниот увид во досегашната плодна научна и уметничка дејност може да се констатира дека се работи за личност која ќе даде сериозен продонес своето големо знаење и искуство да го пренесе на помладите генерации студенти. Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот уметнички совет на Факултетот за сценски дизајн при Универзитетот за аудиовизуелни уметности, Европска Филмска Академија, ЕСРА Париз-Скопје-Њујорк, да ја избере М-р. Ана Опачиќ во звање доцент по група предмети од обласата на Филмско и ТВ Сценарио.

Рецензентска комисија:

Јордан Плевнеш, Редовен професор,

М-р. Миле Петковски, Доцент,

Д-р. Александар Трајковски, Доцент,

Скопје, 19.05.2014г.